# ОПШТИНА РОСОМАН

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА РОСОМАН
# ЗА 2025 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Росоман
Ѓорѓи Крстевски

Изготвил:
Одделение за финансиски прашања
Бранка Филипова
Ристе Ристевски

*Росоман, Февруари 2026 година*

Содржина:


- Вовед______________________________________________________

- Годишна сметка / наративен дел
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Биланс на состојба сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители: 3.796 жители

Површина и населени места : Нејзината територија зафаќа површина 132,9 km², со 10 населени места од кои 10 се активни села.

Општина Росоман е една од помалите рурални општини и се наоѓа во средишниот дел на Македонија. Според апсолутната надморска височина, таа се вбројува во една од најниските општини во Македонија. Атарите на населбите се распространети во Росоманското Поле, односно во долното течение на Црна Река, која поминува точно низ средишниот дел на територијата на општината. Има правец на протегање североисток-југозапад. Од североисток се граничи со Општината Неготино, од исток, на југ и југоисток со Општината Кавадарци, од југозапад со Општината Чашка и од северозапад со Општината Градско. Низ општинското седиште Росоман поминува патниот правец Р-106 кој, преку Прилеп и Битола води за Охрид, а до сите населби постојат локални асфалтирани патишта кои водат кон главниот град на државата.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Росоман во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки зазаштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Росоман произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Росоман, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002), Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 и 173/22), Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21, 203/22 и 59/23) макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2025 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Росоман на 48-мата седницата одржана на ден 30.12.2024 година го донесе Буџетот на Општина Росоман за 2025 година.На истата седница е донесена и Одлука за извршување на буџетот на Општина Росоман за 2025 година.

Во текот на 2025 година донесени се три Одлуки за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Росоман за 2025 година и тоа на 58 -тата седница одржана на ден 05.06.2025 година, 60-тата седница одржана на ден 30.07.2025 година и 3тата седница(нов совет) одржана на 15.12.2025 година.

.

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1. ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодноси на планираните и реализираните приходи во буџетот.

Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Росоман со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

**На сметката Основен буџет на Општина Росоман планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **81.487.158** | **55.232.304** | **67,78** |
| **71 Даночни приходи** | **15.317.000** | **14.608.896** | **95,38** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 2.005.000 | 1.892.603 | 94,39 |
| 713 Даноци на имот | 5.120.000 | 7.287.946 | 142,34 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 8.112.000 | 5.417.493 | 66,78 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 80.000 | 10.854 | 13,57 |
| **72 Неданочни приходи** | **875.000** | **537.806** | **61,46** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 180.000 | 140.692 | 56,73 |
| 723 Такси и надоместоци | 210.000 | 117.600 | 56,00 |
| 724 Други владини услуги | 5.000 | 0 | 0,00 |
| 725 Други неданочни приходи | 480.000 | 279.514 | 58,23 |
| **73 Капитални приходи** | **18.480.000** | **14.190.315** | **76,79** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 18.480.000 | 14.190.315 | 76,79 |
| **74 Трансфери и донации** | **46.815.158** | **25.895.287** | **55,31** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 46.815.158 | 25.895.287 | 55,31 |
| 742 Донации од странство | 0 | 0 | 0,00 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 | 0,00 |

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 95,38%**

Ставка 711 - Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 2.005.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 1.892.603,00 денари или 94,39%.

Ставка 713 - Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 5.120.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 7.287.946,00 денари или 142,34%.

Ставка 717 - Данок на специфични услуги од планираните 8.112.000,00 денари остварени приходи се во износ од 5.417.493,00 денари или 66,78 %.

Ставка 718 – Такси на користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 80.000,00 денари остварени приходи се во износ од 10.854,00 денари или 13,57%.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 61,46%**

Ставка 722 - Глоби, судски и административни такси од планираните 180.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 140.692,00 денари или 78,16%.

Ставка 723 – Такси и надоместоци од планираните 210.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 117.600,00 денари или 56,00.

Ставка 724 – Други владини услуги од планираните 5.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 0,00 денари или 0%.

Ставка 725 - Други неданочни приходи од планираните 480.000,00 денари,остварени приходи се во износ од 279.514,00 денари или 58,23%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 76,79%**

Ставка 733-Продажба на капитални средства планирани средства се 18.480.000,00 денари, а остварени се приходи од 14.190.315,00 денари или 76,79%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 55,31%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 46.815.158,00денари, остварени се приходи во износ од 25.895.287,00 денари или 55,31%.

**Вкупните приходи на основниот Буџет на Општина Росоман во 2025 година се реализирани со 67,78 %.**

**Вкупните приходи на основниот Буџет на Општина Росоман во 2025 година во однос на вкупните приходи во рамки на консолидираниот буџет се реализирани во износ од 44,98 %.**

## На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **3.858.000** | **1.978.674** | **51,29** |
| **71 Даночни приходи** | 0 | 0 | 0 |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 0 | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **3.858.000** | **1.977.986** | **51.27** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 | 0 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 0 | 0 | 0 |
| 723 Такси и надоместоци | 3.858.000 | 1.977.986 | 51,27 |
| 725 Други неданочни приходи | 0 | 0 | 0 |
| **74 Трансфери и донации** | **0** | **688** | **100** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 0 | 688 | 100 |

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 51,29%.**

Поодделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Росоман ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи, конкретно на сметката на ООУ "Пере Тошев" Росоман и ЈОУДГ"Праскичка", Росоман, општина Росоман.

**На сметката Дотации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **64.600.000** | **64.111.905** |
| **74 Трансфери и донации** | **64.600.000** | **64.111.905** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 64.600.000 | 64.111.905 |

**Во сметката за Дотации планирани се приходи со вкупен износ 64.600.000,00 денари, на оваа сметка има остварување на приход од 64.111.905 денари или 99,24% средства кои ги добива општината како блок дотација за основно образование и детска заштита-детска градинка.**

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **1.579.000** | **1.480.920** |
| **74 Трансфери и донации** | **1.579.000** | **1.480.920** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 102.000 | 0 |
| 742 Донации од странство | 1.477.000 | 1.480.920 |
| 743 Капитални донации | 0 | 0 |
| 744 Тековни донации | 0 | 0 |

До крајот на 2025 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации планирани со вкупен износ 1.579.000,00 денари и на оваа сметка има остварување на приход од 1.480.920,00 денари или 93,79%.**

**Планираните и реализираните приходи се однесуваат на донаторските подсметки и тоа сметката за Изградба на енотуристички капацитети во општина Росоман-Тера Вино и сметката Еразмус+ наменета исклучиво за реализација на проектот за Изработка на студија за влијанието на климатските промени врз земјоделството во општина Росоман.**

## 2.2 РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Росоман. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Росоман утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Росоман може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Росоман се опфатени 26 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2025 година е извршена како резултат на распишани огласи за 16 постапки за јавни набавки, добиени 674 фактури во одделението за финансиски прашања и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22).

**На сметката на основниот буџет на Општина Росоман планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **81.487.158** | **55.232.304** | **67,78** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **13.091.000** | **11.934.328** | **91,16** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 7.788.000 | 7.026.300 | 90,22 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 2.691.000 | 2.632.545 | 97.82 |
| 404 Надоместоци | 2.612.000 | 2.275.483 | 87.12 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **0** | **0** | 0 |
| 413 Тековни резерви | 0 | 0 | 0 |
| **42 Стоки и услуги** | **13.689.000** | **8.576.709** | **62.65** |
| 420 Патни и дневни расходи | 226.000 | 61.941 | 27,41 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 5.492.000 | 3.836.909 | 69.86 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 1.538.000 | 758.724 | 49.33 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.065.000 | 501.037 | 47.05 |
| 425 Договорни услуги | 2.578.000 | 1.885.589 | 73.14 |
| 426 Тековни расходи | 1.430.000 | 1.036.877 | 72.51 |
| 427 Привремени вработувања | 1.360.000 | 495.632 | 36.44 |
| **45 Каматни плаќања** | **60.000** | **45.438** | **75.73** |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 60.000 | 45.438 | 75.73 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **7.776.900** | **5.536.771** | **71.19** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 2.041.900 | 1.624.543 | 79.56 |
| 464 Разни трансфери | 5.735.000 | 3.912.228 | 68.21 |
| **47 Социјални бенифиции** | **585.000** | **458.603** | **78.39** |
| 471 Социјални надоместоци | 585.000 | 458.603 | 78.39 |
| **48 Капитални расходи** | **46.111.258** | **28.523.725** | **61.86** |
| 480 Купување на опрема и машини | 50.000 | 23.000 | 46.00 |
| 482 Други градежни објекти | 45.931.258 | 28.448.225 | 61.94 |
| 483 Купување на мебел | 130.000 | 52.500 | 40.38 |
| **49 Отплата на главница** | **174.000** | **156.730** | 90.07 |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | 174.000 | 156.730 | 90.07 |

***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401 - Основни плати реализирани се расходи во износ од 7.026.300 денари, од вкупно планираните во буџетот 7.788.000,00 денари или 90,22%.

Ставка 402 - Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 2.632.545,00 денари од вкупно планирани во буџетот 2.691.000,00 денари или 97,82%.

Ставка 404 - Надоместоци реализирани се трошоци од 2.275.483,00 денари од планираните 2.612.000,00 денари или 87,12%.

Ставка 413 - Тековни резерви реализирани трошоци се 0,00 денари од планираните 0,00 денари или 0,00%.

Ставка 420 - Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 61.941,00 денари од планираните 226.000,00 денари или 27.41%.

Ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 3.836.909,00 денари, од планираните 5.492.000,00 денари или 69.86%.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 758.724,00 денари, од планираните 1.538.000,00 денари или 49,33%.

Ставка 424 - Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 501.037,00 денари од планираните 1.065.000,00 денари или 47,05%.

Ставка 425 - Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 1.885.589,00 денари од планираните 2.578.000,00 денари или 73,14%.

Ставка 426 - Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 1.036.877,00 денари, од планираните 1.360.000,00 денари во вкупниот буџет или 72,51%.

Ставка 427 - Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 495.632,00 денари, од планираните 1.360.000,00 денари во вкупниот буџет или 36,44%.

Ставка 452 – Каматни плаќања кон домашни кредитори, реализирани се трошоци во износ од 45.438,00 денари, од планираните 60.000,00 денари во вкупниот буџет или 75,73%.

Ставка 463 - Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 1.624.543,00 денари, од планираните 2.041.900,00 денари или 79.56%.

Ставка 464 - Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 3.912.228,00 денари од планираните 5.735.000,00 денари или 68,21%.

Ставка 471 - Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 458.603,00 денари од планираните 585.000,00 денари или 78,39%.

Вкупните расходи на основниот Буџет на Општина Росоман во 2025 година во однос на вкупните расходи во рамки на консолидираниот буџет се реализирани во износ од 45,76 %.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480 - Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 23.000,00 денари од планираните 50.000,00 денари или 46,00%.

Ставка 482 - Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 28.448.225,00 денари од планираните 45.931.258,00 денари или 61,94%.

Ставка 483 – Купување на мебел, реализирани се расходи во износ од 52.500,00 денари од планираните 130.000,00 денари или 40,38%.

Ставка 493 – Отплата на главнина до други нивоа на власт, реализирани се расходи во износ од 156.730,00,00 денари од планираните 174.000,00 денари или 90,07%.

## На сметката Самофинансирачки активности на Општината Росоман планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **3.858.000** | **1.978.674** | **51,29** |
| **42 Стоки и услуги** | **3.858.000** | **1.978.674** | **51,29** |
| 420 Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 0,00 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 210.000 | 0 | 0,00 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 3.423.000 | 1.864.866 | 54,48 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 80.000 | 0 | 0,00 |
| 425 Договорни услуги | 145.000 | 113.808 | 78,49 |
| 426 Тековни расходи | 0 | 0 | 0,00 |

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** се реализирани со 1.978.674,00 денари од планираните 3.858.000,00 денари или 51,29% и тоа:

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 0,00 денари, реализирани се средства во износ од 0,00 денари или 0,00%.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 210.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00%.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 3.423.000,00 денари реализирани се 1.864.866,00 денари или 54,48%.

Ставка 424 – Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 80.000,00 денари реализирани се 0,00 денари или 0,00%.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 145.000,00денари реализирани се во износ од 113.808,00 денари односно 78,49%.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од0,00денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00%.

## На сметката Дотации на Општината Росоман планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **64.600.000** | **62.026.260** | **96,02** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **52.993.000** | **52.303.407** | **98,70** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 37.294.000 | 36.967.186 | 99,12 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 14.628.000 | 14.346.485 | 98,08 |
| 404 Надоместоци | 1.071.000 | 989.746 | 92,41 |
| **42 Стоки и услуги** | **8.801.000** | **7.497.563** | **85,19** |
| 420 Патни и дневни расходи | 290.000 | 42.900 | 14,79 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 2.973.000 | 2.868.031 | 96,47 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 1.593.000 | 1.110.433 | 69,71 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.261.000 | 1.940.181 | 85,81 |
| 425 Договорни услуги | 1.391.000 | 1.332.805 | 95,82 |
| 426 Тековни расходи | 293.000 | 203.213 | 69,35 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **646.000** | **636.937** | **98,60** |
| 464 Разни трансфери | 646.000 | 636.937 | 98,60 |
| **48 Капитални расходи** | **2.160.000** | **1.588.353** | **73,53** |
| 480 Купување на опрема и машини | 870.000 | 513.527 | 59,03 |
| 482 Други градежни објекти | 720.000 | 700.000 | 97,22 |
| 483 Купување на мебел | 570.000 | 374.826 | 65,76 |

## На сметката Донации на Општината Росоман планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.579.000** | **1.458.997** | **92,40** |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.579.000** | **1.458.997** | **92,40** |
| 464 Разни трансфери | 1.579.000 | 1.458.997 | 92,40 |
| **48 Капитални расходи** | **0** | **0** | **0,00** |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 0,00 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите насредствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата беше формирана пописна комисија со решение бр.03-949 од 24.12.2025 година од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Росоман за 2025 година е во состав:

- Лидија Танчева- Претседател
- Ристе Ристевски- член
- Бранка Филипова- член

Според извештајот на Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Росоман за 2025 година, совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во евиденцијата на Општина Росоман.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 336.174.993,00 денари |
| Исправка на вредноста | 18.792.182,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **317.375.911,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, системи са водоснабдување, фекална канализација, спортски објекти, училишни објекти и други.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | **6.794.541**,00 денари |
| Исправка на вредноста<br>на опремата | 1.567.703,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **5.226.838,00 денари** |

Вредноста на опремата се однесува на превозни средства во сопственост на општината, информатичка технологија, мебел, и друга опрема која е во функција на општинската администрација и одговорното лице на институцијата.

**Други материјални средства** **1,0 денари**
Исправка на вредноста
на др. материјални средства 0,00 денари
**Сегашна вредност** **1,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на нематеријалните средства во општината кои се однесуваат на софтверски пакети за буџетското и сметководственото работење, како и софтвер за администрирање на локални даноци и такси.

Според извештајот на комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Росоман за 2025 година се констатираа следните состојби:

Вкупно **парични средсва на жиро сметка** на 31.12.2025 година: 6**.137.601,00** денари од кои на :

- Буџетска сметка - 3.775.770,00 денари
- Сметка на наменска дотација - 2.234.645,00 денари
- Донаторски сметки- 127.186,00 денари

**Побарувањата се однесуваат на:**
-побарувања по основ на данок на имот за правни лица во износ од 2.133.012**,00 денари**, данок на имот за физички лица е во износ од 7.512.782**,00 денари**, побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма во износ од 2.900.510**,00 денари**, други краткорочни побарувања кои се односуваат на краткорочни позајмици кон останати донаторски сметки во Општина Росоман во износ од 350**.869,00 денари.**

**Обврските се однесуваат на:**
**Краткорочни обврски кон добавувачите во земјата** **4.768.369,00 денари.**
Обврските се однесуваат за отворени обврски за фактурите или ситуации кои се пристигнати во архивата на Општина Росоман заклучно со 31.12.2025 година.

**Пресметка и обврски за бруто плати** **844.109,00 денари.**
Ова е евидентирана обврска за бруто плата за месец 12/2025 година која се исплаќа во месец јануари 2025 година.

**Краткорочни обврски по основ на краткорони кредити и заеми од домашни лица 394.221,00 денари.**
Евидентирана недоспеана обврска - камати за кредит . 394.221,00 денари

**Други долгорочни обврски** **0,00 денари.**
Евидентирана недоспеана обврски -главница за кредит.

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција** **322 602 750,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината, изградба и реконструкција на водоводни системи, канализациона мрежа и коловози во општина Росоман, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Росоман, добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Росоман , опремата , канцелариски мебел и др.

## 1.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските,капиталните и блок дотации за делегирани надлежности

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти,изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **28.448.225,00 денари**.

| | |
|---|---|
| 482 - Други градежни објекти | 28.448.225,00 денари |
| 483 - Купување на мебел | 52.500,00 денари |

Меѓу реализираните капитални инвестиции на Општина Росоман во 2025 година се следните:

- **Реконструкција и доградба на фекален канализационен систем во Росоман, Крак 3.1,** ставена во употреба на ден 17.09.2024 година, по Завршна Ситуација бр.161/2024 од 05.09.2024 година, со набавна вредност од 5.981.847,00 денари од фирмата КОП-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ,Скопје-евидентен број:0504;
- **Изградба на атмосферска канализација во Росоман,крак 3-крак до Река** ,ставена во употреба на ден 23.12.2024 година, по Завршна Ситуација бр.258/2024 од 12.12.2024 година, со набавна вредност од 5.030.003,00 денари од фирмата КОП-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ,Скопје-евидентен број:0505;
- **Принтер Canon I-sensys MF463dw,** ставена во употреба на ден 16.01.2025 година, по фактура број 25-300-00014 од 13.01.2025 година, со набавна вредност од 25.500,00 денари од фирмата Ф1-Системи, Кавадарци -евидентен број:0506;
- **Метални канделабри,** ставена во употреба на ден 17.02.2025 година, по фактура број 7 од 10.02.2025 година ,со набавна вредност од 602.508,00 денари од фирмата ЗД-Горан, Кавадарци-евидентен број:0507;
- **Изработка на еластична спортска подлога (тартан) на спортски терен во Сирково,Општина Росоман,** ставена во употреба на ден 19.03.2025 година, по Завршна Ситуација бр.09-629/9 од 04.12.2024 година, со набавна вредност од 1.538.012,00 денари од фирмата ИНТЕКО Иван ДООЕЛ,Скопје -евидентен број:0508;
- **Изработка и монтажа на специјална синтетичка подлога за детско игралиште во село Манастирец, Општина Росоман ,** ставен во употреба на ден 19.03.2025 година,

по Завршна Ситуација бр.09-629/9 од 04.12.2024 година, со набавна вредност од 503.034,00 денари од фирмата ИНТЕКО Иван ДООЕЛ,Скопје-евидентен број:0509;

- **Изработка и монтажа на специјална синтетичка подлога за детско игралиште во село Трстеник, Општина Росоман ,** ставен во употреба на ден 19.03.2025 година, по Завршна Ситуација бр.09-629/9 од 04.12.2024 година, со набавна вредност од 503.034,00 денари од фирмата ИНТЕКО Иван ДООЕЛ,Скопје-евидентен број:0510;
- **Изградба на пумпна станица со потисен цевковод за село Паликура,Општина Росоман,** ставена во употреба на ден 12.05.2025 година , по Завршна Ситуација договор бр.09-101/21 од 26.02.2025 година, со набавна вредност од 1.396.085,00 денари од фирмата ДООЕЛ Гема Пласт-Слободан, Росоман-евидентен број:0511;
- **Клима Нордстар 12к,** ставена во употреба на ден 12.05.2025 година, по Фактура бр.0-25-6631-FKI-000008 од 24.05.2025 година, со набавна вредност од 23.000.00 денари од фирмата ФРЕКАЛ ДООЕЛ, Кавадарци-евидентен број:0512;
- **Реконструкција на улица Пролетерска и улица Цандо Кузманов со краци во Росоман, Општина Росоман**, ставен во употреба на ден 11.08.2025 година, по Завршна Ситуација 011-117/02 од 30.07.2025 година, со набавна вредност од 15.850.895,00 денари од фирмата Градба Промет, Кавадарци-евидентен број:0513;
- **Панели за ѕид кабинет на градоначални, Општинска зграда, Општина Росоман**,ставен во употреба на ден 03.12.2025 година, по фактура бр.037/2025 од 03.12.2025 година, со набавна вредност од 52.500,00 денари од фирмата ДЕК ЕНД ХАУС, Скопје-евидентен број:0514;

Горенаведените резултатите остварени во 2025 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Росоман. Советот одржа вкупно 12 редовни, 5 вонредни, 1конситутивна, 1 итна и 1 свечена седница. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Бр.05-196/1
Во Росоман на ден
25.02.2026

Изготвил:Ристе Ристевски/Бранка Филипова
Одделение за финансиски прашања

ОПШТИНА РОСОМАН
Градоначалник
Ѓорѓи Крстевски с.р